Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка (ЈП Калин Камен)

**ПРАВИЛНИК**
за блокирање и деблокирање на блокирано возило и пајак служба

Крива Паланка, мај 2022 година

Врз основа на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Сл. Весник на Република Македонија бр. 169/15, 226/15, 55/2016 и 11/2018 година), Законот за комуналните дејности Сл. Весник на РМ бр.95/2012, 42/2014, 44/2015, 147/2015, 31/2016,64/2018 година,, Управниот одбор на Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка на ден______________________го донесе следниот:

**ПРАВИЛНИК**
**за блокирање и деблокирање на блокирано возило и работа на пајак служба**

**Член** 1

Со правилникот за работа се утврдуваат условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот на блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила од јавни сообраќајни и други јавни површини и чување на истите на подрачјето на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Надзор над непрописно запрените или паркираните возила и условите и начинот за отстранување, преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Крива Паланка врши Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка.

Надзорот како и блокирањето, одстранување и преместување на непрописно запрени или паркирани возила и приколки, хаварисани и напуштени возила го врши Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка и тоа:
1. Јавни сообраќајни површини:
-тротоари, јавни паркиралишта, пешачки и велосипедски патеки, плоштади, кејови, јавни пазаришта и други јавни сообраќајни површини:
2. Други јавни површини:
– улични тревници, подигнато зеленило, паркови, рекреативни и други неуредени површини.

## БЛОКИРАЊЕ И ОДБЛОКИРАЊЕ НА ВОЗИЛА

**Член 3**

Под ,,блокирање на возило'' се подразбира поставување на механичко средство блокатор на возило кога истото е:

- Паркирано на паркинг простор без регулиран надомест за користење на јавно паркиралиште со наплата или го премине временскиот интервал за кој веќе е извршена парична надокнада;
- Паркирано во резидентна улица или паркиралишта наменети само за станарите на истите;
- Непрописно паркирано на предвидениот паркинг простор или е паркиран на необележано паркинг место, место наменето за лица со инавалидитет, резервирано паркинг место, место наменето за електрични автомобили или хибридни возила.

**Член 4**

Поставување на механичко средство блокатор на возило врши овластено вработено лице на ЈП Калин Камен на работно место Поставувач на блокатор.

**Член 5**

Поставување на блокатор можи да се изврши и врз основа на барање на полициски службеник од Министерството за внатрешни работи или комунален инспектор во случај кога е констатирано прекршување на законската регулатива.

**Член 6**

Поставување на механичко средство - блокатор се врши по доставена електронска пријава во електронски систем за работа од страна на котролор на паркирање, од Референт за контрола или друго овластено лице за надзор на јавни паркиралишта до центарот за работа со корисници (Call centar).

Пред да се пријави возилото во електронскиот систем (Call centar), Контролорот на паркирање, во првиот момент од регистрирање на возилото дека нема уредно регулиран надомест за користење на јавно паркиралиште го запазува возилото во системот и по истекот на 10 минути, доколку возилото сеуште не го има регулирано паркинг надоместокот ја повикува блокаторската служба.

**Член 7**

По добиен налог за поставување на блокада Поставувачот на блокатор е должен да постави механичко средство блокатор на предно тркало, информативен леток на стаклото на предната лева врата за блокирано возило и да изврши фотографирање на возилото.

**Член 8**

Сопственикот, односно возачот на возилото има обврска да се јави на телефонскиот број максимум 2 часа од времето на блокирање константирано од Поставувачот на блокатор и максимум половина час пред истекот на работното време на претпријатието. Во случај кога сопственикот на блокираното возило не се јави во предвиденото време, механичкиот уред за блокирање се отстранува и возилото се пренесува на јавното паркиралиште - депо за возила.

**Член 9**

Блокирањето на возила не е дозволено во случаите предвидени со Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата за кои е предвидено нивно задолжително преместување.

**Член 10**

Информативниот леток содржи предупредување дека возилото е блокирано и упатство за возачот што треба да направи за возилото да биде одблокирано.
Елементи кои ќе ги содржи информативниот леток се:

- телефонски број на кој сопственикот или корисникот на возилото се повикува да се обрати како би му било отстрането средството за блокирање.
- објаснување со текст “Доколку за 2 часа од моментот на поставувањето на средството за блокирање а најдоцна половина час пред завршувањето на работното време на претпријатието, не се јавите за деблокирање, Вашето возило ќе биде преместено со помош на специјално возило – Пајак
- времето кога возилото е блокирано и работното време и адресата/седиштето на јавното паркиралиште.

Информативниот леток е напишан на македонски и англиски јазик.

**Член 11**

Корисникот на блокираното возило е должен да ги испочитува препораките на информативниот леток и да ја повика службата за деблокирање на наведениот телефонски број и да ја плати определената цена за деблокирање на возилото.

Наплата може да се изврши на лице место или во административните простории на јавното претпријатие.

**Член 12**

Деблокирање на возилото ќе се врши после констатирана уплата на определената цена согласно Ценовникот на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот, хаварисани возила и приколки и нивно чување.

Доколку сопственикот или корисникот на возилото во моментот не може да плати, потпишува изјава дека ќе плати во рок од 5 дена.

Доколку уплатата не е извршена во предвидениот рок, ЈП Калин Камен ќе започне постапка за присилна наплата.

Идентитетот на сопственикот или корисникот на возилото ќе се утврди преку официјален документ за идентификација издаден од МВР. Изјавата ќе биде составена од име и презиме на прекршителот, адреса на живеење, број на документ за идентификација, регистарската таблица на возилото, сума која треба да се плати и датум на констатираниот прекршок. Изјавата во 2 примерока ја потпишуваат и контролорот на терен и прекршителот, по еден за секоја страна.

**Член 13**

Корисникот на блокираното возило не смее да презема дејствија на насилно вадење на механичкото средство - блокатор од возилото и негово оштетување.

**Член 14**

Во случај на насилно вадење и оштетување на механичкото средство – блокатор на тркала или било кој друг имот на јавното претпријатие, на оштетувачот ќе му се достави фактура за настаната штета со рок на плаќање од 30 дена. Доколку штетата не се плати во предвидениот рок јавното претпријатие ќе покрене постапка пред надлежен орган и ќе побара надомест на предизвикана штета според Ценовникот на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот, хаварисани возила и приколки и нивно чување.

**РАБОТА НА ПАЈАК СЛУЖБА**

**ОТСТРАНУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА И ПРИКОЛКИ ОД ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ**

**Член 15**

На јавните паркиралишта се забранува:
- Да се паркираат оштетени, неисправни возила кои не се во возна состојба
- Да се паркираат возила за кои не се наменети јавните паркиралишта
- Да се оставаат било какви приколки (за кампување, носење товар и сл.)

**Член 16**

Хаварисано, односно оштетено возило е секое возило кое поради настаната хаварија или дотраеност не е во состојба да се движи со снагата на својот мотор.

**Член 17**

Под отстранување и чување хаварисани возила и проколки во смисла на овој Правилник се подразбира начинот и постапката за отстранување на оштетени, дотраени и неисправни возила и приколки од јавните и сообраќајните површини на територија на Општина Крива Паланка, нивно подигање и транспортирање со специјални, за таа цел, возила и нивно времено сместување во специјално обезбеден простор за чување.

**Член 18**

Отстранување и чување на хаварисани возила и приколки од јавните површини од член 17 го врши Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка, а по налог на комунален инспектор на Општина Крива Паланка.
По исклучок, отстранување или преместување на возила од јавните паркиралишта со кои управува јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка, може да се изврши по барање на корисник на паркиралиштето доколку:

- барателот за преместување или отстранување на возилото е корисник на резидентниот паркинг простор под надлежност на претпријатието и

-возилото коешто треба да биде отстрането или преместено не е евидентирано под режимот на возила на резидентниот паркинг, односно нема валидна паркинг карта.

Овој исклучок се применува и во случаите кога:
- возилото кое се бара да биде преместено или отстрането е паркирано на резервирано паркинг место, а истото не е возило на корисникот на резервираниот паркинг простор или
- возилото кое се бара да биде преместено или отстрането е паркирано на паркинг место наменето за лица со инвалидитет, а истото возило не е во сопственост на лице со инвалидитет, односно е лице кое управува со возило кое непрописно го користи соодветно обележаниот паркинг простор наменет за лица со посебни потреби.
Прекршок за непрописно запирање или паркирање на возило може да се утврди и со помош на видео надзор или со пренос на фотографија по електронски пат без присуство на овластено лице.

**Член 19**

За отстранување на хаварисано возило или приколка комуналниот инспектор на Општина Крива Паланка изрекува опомена за отстранување на истите во рок од 8 календарски денови, со залепување налепница со опомена и дата на возилото или приколката. Доколку со контролниот инспекциски надзор комуналниот инспектор констатира дека возилото или приколката не се отстранети, на сопственикот или носителот на правото на користење на истите ќе му издаде решение со кое ќе задолжи отстранување во рок од 3 дена од денот на врачувањето на решението.
Доколку и покрај наведеното сопственикот или носителот на правото на користење на возилото или приколката не го отстрани сам, во рокот утврден во решението од предходниот став на овој член, комуналниот инспектор изготвува записник и издава налог за отстранување на возилото до Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка.- давател на услугата за отстранување и чување хаварисани возила и приколки.
Записникот ги содржи податоците определени со Одлуката за комунален ред и мерки за спроведување на подрачјето на Општина Крива Паланка.
Давателот на услугата по издадениот налог од комуналниот инспектор на Општина Крива Паланка е должен веднаш да отпочне со отстранување на возилото или приколката во присуство на овластено лице-комунален инспектор.

**Член 20**

Приговор против Налогот за отстранување или преместување на возилото се поднесува во рок од 8 дена од денот на превземањето на возилото.
Приговорот не ја одлага наплатата на трошоците за преместување и чување на возилото.

**Член 21**

Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка.-давател на услугата е должно отстранетите возила да ги смести на посебно обезбеден простор наменет за нивно паркирање и да ги чува до нивното предавање на сопственикот или носителот на правото на користење на возилото или приколката.
Времетраењето на чувањето на возилото или приколката е до 30 дена.
Доколку сопственикот или носителот на правото на користење на возилото или приколката не се јави во рокот од предходниот став давателот на услугата го отуѓува возилото или приколката на начин пропишан со Закон.
По истекот на рокот од став 2 на овој член давателот на услугата ќе покрене постапка пред надлежен орган за надомест на направените трошоци за чување на возилото или приколката согласно со Ценовникот на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот, хаварисани возила и приколки и нивно чување, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

Просторот на кој се чуваат отстранетите хаварисани визила или приколки го определува Општина Крива Паланка.

**Член 22**

Кога возилото се преместува врз основа на наредба од Министерството за внатрешни работи од безбедносни причини, при преместувањето на возилото сопственикотќе биде ослободен од надоместок за трошоци за отстранување и преместување на возилото, а при превземањето на возилото се составува Записник за превземање на возилото.

**Член 23**

При примопредавањето на отстранетото возило или приколка сопственикот или носителот на правото на користење на возилото или приколката е должен да ги приложи доказот за сопственост и својот идентитет.
Примопредавањето од предходниот став се врши на посебно обезбедениот простор за чување.
По исклучок од ставот 2 на овој член примопредавањето на возилото или приколката што се отстрануваат може да се изврши и на самото место каде што се врши отстранувањето, додека возилото или приколката сеуште не се поставени на платформата на специјалното возило а согласно Ценовникот на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот, хаварисани возила и приколки и нивно чување.

**Член 24**

Примопредавањето на отстранетото возило се врши преку изготвување на Записник за превземање, по извршената наплата на трошоците за отстранување, односно со приложување документ за платени трошоци.
Во случај на констатирано оштетување на возилото настанато при преместување или отпочнување на преместувањето на возилото, сопственикот на возилото има право да поведе постапка за утврдување на надомест на штета.

**Член 25**

Трошоците, односно висината на надоместокот за отстранување и чување на хаварисаното возило или приколка се утврдуваат согласно Ценовникот на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот, хаварисани возила и приколки и нивно чување, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка. Просторот на кој се чуваат отстранетите возила го определува давателот на услугата по предходна согласност на Општина Крива Паланка.
Записникот го потпишува сопственикот или корисникот кој го превзема возилото и овластеното лице од Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка.

## ОТСТРАНУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НЕПРОПИСНО ПАРКИРАНИ ВОЗИЛА НА ЈАВНИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

**Член26**

Под отстранување и чување непрописно паркирани возила на јавните зелени површини, во смисла на овој Правилник се подразбира начинот и постапката за отстранување и чување непрописно запрени или паркирани возила на јавните зелени и други површини. Под отстранување и чување на неправилно или непрописно запрено или паркирано возило, се подразбира подигање и транспортирање на возилата со специјални возила и нивно времено сместување во специјално обезбеден простор за чување.

**Член 27**

Под јавни зелени површини се подразбира: паркови, дрвореди, живи огради, тревници, цветни насади, детски игралишта, зелени површини покрај улиците, покрај станбените, деловните и јавните објекти, спортско рекреативните и водени површини и други слични површини.

**Член 28**

Неправилно или непрописно запрено или паркирано возило е возило кое е запрено или паркирано на јавните зелени и други хортикултурно уредени површини на територијата на Општина Крива Паланка, спротивно на важечките прописи за безбедност на сообраќајот.

**Член 29**

Отстранувањето на возилата од член 26 на овој Правилник го врши Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка, а врз основа на издаден налог од службено лице - комунален инспектор на Општина Крива Паланка, по предходно уредно и благовремено известување. Комуналниот инспектор на Општина Крива Паланка е должен да изготви записник кој ги содржи податоците определени со Одлуката за комунален ред и мерки за спроведување на подрачјето на Општина Крива Паланка.

**Член 30**

Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка по издавањето на налогот од страна на комуналниот инспектор е должно веднаш да отпочне со отстранувањето на возилото во присуство на службено лице-комунален инспектор.

**Член 31**

Прекршок за непрописно запирање или паркирање на возило може да се утврди и со помош на видео надзор или со пренос на фотографија по електронски пат без присуство на овластено лице.

**Член 32**

Приговор против Налогот за отстранување или преместување на возилото се поднесува во рок од 8 дена од денот на превземањето на возилото.
Приговорот не ја одлага наплатата на трошоците за преместување и чување на возилото.

**Член 33**

Јавното претпријатие е должно отстранетите возила да ги смести на посебно обезбеден простор наменет за нивно паркирање и да ги чува до нивното предавање на сопственикот или носителот на правото на користење на возилото или приколката.

Времетраењето на чувањето на возилото е до 30 дена.
Доколку сопственикот или носителот на правото на користење на возилото не се јави во рокот од предходниот став давателот на услугата го отуѓува возилото или приколката во постапка пропишана со Закон.
По истекот на рокот од став 2 на овој член јавното претпријатие во својство на давател на услугата ќе покрене постапка пред надлежен орган за надомест на направените трошоци за чување на возилото согласно со Ценовникот на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани

возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот, хаварисани возила и приколки и нивно чување, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.
Просторот на кој се чуваат отстранетите возила го определува давателот на услугата по предходна согласност на Општина Крива Паланка.

**Член 34**

Кога возилото се преместува врз основа на наредба од Министерството за внатрешни работи од безбедносни причини, при преместувањето на возилото сопственикотќе биде ослободен од надоместок за трошоци за отстранување и преместување на возилото, а при превземањето на возилото се составува Записник за превземање на возилото.

**Член 35**

При примопредавањето на отстранетото возило сопственикот или носителот на правото на користење на возилото е должен да ги приложи доказот за сопственост и својот идентитет.
Примопредавањето од предходниот став се врши на посебно обезбедениот простор за чување.
По исклучок од ставот 2 на овој член примопредавањето на возилата што се отстрануваат може да се изврши и на самото место каде што се врши отстранувањето, додека возилата сеуште не се поставени на платформата на специјалното возило, а согласно Ценовникот на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот, хаварисани возила и приколки и нивно чување.
.

**Член 36**

Примопредавањето на отстранетото возило се врши преку изготвување на Записник за превземање, по извршената наплата на трошоците за отстранување, односно со приложување документ за платени трошоци.
Во случај на констатирано оштетување на возилото настанато при преместување или отпочнување на преместувањето на возилото, сопственикот на возилото има право да поведе постапка за утврдување и надомест на штета.

**Член 37**

Трошоците, односно висината на надоместокот за отстранување и чување на возилата се утврдуваат со Ценовникот на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот, хаварисани возила и приколки и нивно чување, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 38**

Трошоците за отстранување и чување на возилото се на товар на сопственикот, односно на корисникот на возилото. Доколку при отстранувањето на возилото тоа биде оштетено, без вина на давателот на услугата, трошоците ќе ги сноси сопственикот односно носителот на правото на користење.
Просторот на кој се чуваат отстранетите возила го определува давателот на услугата по предходна согласност на Општина Крива Паланка.

## ОТСТРАНУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НЕПРОПИСНО ПАРКИРАНИ ВОЗИЛА

**Член 39**

Под отстранување и чување непрописно паркирани возила на јавните сообраќајни површини, во смисла на овој Правилник се подразбира начинот и постапката за отстранување и чување непрописно запрени или паркирани возила на јавните сообраќајни површини.

**Член 40**

Неправилно или непрописно запрено или паркирано возило е возило кое е запрено или паркирано на јавните сообраќајни и други површини на територијата на Општина Крива Паланка, спротивно на важечките прописи за безбедност на сообраќајот.

**Член 41**

Под отстранувањеи чување на неправилно или непрописно запрено или паркирано возило, се подразбира подигање и транспортирање на возилата со специјални возила и нивно времено сместување во специјално обезбеден простор за чување.

**Член 42**

Отстранувањето на возилата од член 39 го врши јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски **де**јности Калин Камен Крива Паланка, а со налог на службено лице при Министерството за внатрешни работи – Сообраќајна полиција.

**Член 43**

По исклучок, отстранување или преместување на возила од јавните паркиралишта со кои управува јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка, може да се изврши по барање на корисник на паркиралиштето доколку:

- барателот за преместување или отстранување на возилото е корисник на резидентниот паркинг простор под надлежност на претпријатието и возилото коешто треба да биде отстрането или преместено не е евидентирано под режимот на возила на резидентниот паркинг, односно нема валидна паркинг карта.
- возилото кое се бара да биде преместено или отстрането е паркирано на резервирано паркинг место, а истото не е возило на корисникот на резервираниот паркинг простор или
- возилото кое се бара да биде преместено или отстрането е паркирано на паркинг место наменето за лица со инвалидитет, а истото возило не е во сопственост на лице со инвалидитет, односно е лице кое управува со возило кое непрописно го користи соодветно обележаниот паркинг простор наменет за лица со посебни потреби.

**Член 44**

Прекршок за непрописно запирање или паркирање на возило може да се утврди и со помош на видео надзор или со пренос на фотографија по електронски пат без присуство на овластено лице.

**Член 45**

Службеното лице на Министерството за внатрешни работи, ако затекне возило на јавна сообраќајна и друга површина должно е веднаш да издаде налог на јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски **де**јности Калин Камен Крива Паланка за отстранување на возилото. Пред отстранувањето на возилото службеното лице е должно да изготви записник за

типот и марката на возилото, состојбата на возилото, краток опис на евентуални оштетувања на возилото и фотографски или видео запис за наведеното. Фотографијата или видео записот се составен дел на Налогот за отстранување или преместување на возилото.

**Член 46**

Јавното претпријатие по издавањето на налогот од страна на службеното лице од Министерството за внатрешни работи е должно веднаш да отпочне постапка за отстранувањето на возилото во негово присуство.

**Член 47**

Приговор против Налогот за отстранување или преместување на возилото се поднесува во рок од 8 дена од денот на превземањето на возилото.
Приговорот не ја одлага наплатата на трошоците за преместување и чување на возилото.

**Член 48**

Јавното претпријатие е должно отстранетите возила да ги смести на посебно обезбеден простор наменет за нивно паркирање и да ги чува до нивното предавање на сопственикот или носителот на правото на користење на возилото.
Времетраењето на чувањето на возилото е до 30 дена.
Доколку сопственикот или носителот на правото на користење на возилото не се јави во рокот од предходниот став давателот на услугата го отуѓува возилото на начин пропишан со Закон.
По истекот на рокот од став 2 на овој член давателот на услугата ќе покрене постапка пред надлежен орган за надомест на направените трошоци за чување на возилото согласно со Ценовникот на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот, хаварисани возила и приколки и нивно чување, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.
Просторот на кој се чуваат отстранетите возила го определува давателот на услугата по предходна согласност на Општина Крива Паланка.

**Член 49**

Кога возилото се преместува врз основа на наредба од Министерството за внатрешни работи од безбедносни причини, при преместувањето на возилото сопственикотќе биде ослободен од надоместок за трошоци за отстранување и преместување на возилото, а при превземањето на возилото се составува Записник за превземање на возилото.

**Член 50**

При примопредавањето на отстранетото возило сопственикот или носителот на правото на користење на возилото е должен да ги приложи доказот за сопственост и својот идентитет.
Примопредавањето од предходниот став се врши на посебно обезбедениот простор за чување.
По исклучок од ставот 2 на овој член примопредавањето на возилата што се отстрануваат може да се изврши и на самото место каде што се врши отстранувањето, додека возилата сеуште не се поставени на платформата на специјалното возило, а согласно Ценовникот на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот, хаварисани возила и приколки и нивно чување.

**Член 51**

Примопредавањето на отстранетото возило се врши преку изготвување на Записник за превземање, по извршената наплата на трошоците за отстранување, односно со приложување документ за платени трошоци.

Во случај на констатирано оштетување на возилото настанато при преместување или отпочнување на преместувањето на возилото, сопственикот на возилото има право да поведе постапка за утврдување и надомест на штета.

**Член 52**

Трошоците, односно висината на надоместокот за отстранување и чување на возилата се утврдиваат согласно Ценовникот на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот, хаварисани возила и приколки и нивно чување, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 53**

Трошоците за отстранување и чување на возилото се на товар на сопственикот, односно на корисникот на возилото. Доколку при отстранувањето на возилото тоа биде оштетено, без вина на давателот на услугата, трошоците ќе ги сноси сопственикот оносно носителот на правото на користење.
Просторот на кој се чуваат отстранетите возила го определува давателот на услугата по предходна согласност на Општина Крива Паланка.

**Член 54**

Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски **де**јности Калин Камен Крива Паланка може да склучи договор за деловна соработка со овластени извршители за користење на пајак служба при преземање на извршни дејствија согласно Законот за извршувањето, со цел преместување на моторни возила кои се предмет на попис, процена и пленидба од одредена дестинација до депото на пајак службата или друго место кое дополнително ќе биде одредено за чување на истите во определен период, во согласност со барањето на корисникот на услугата – овластениот извршител.

**Член 55**

Составен дел на овој Правилник е и Ценовникот на услуги за подигање и пренесување на непрописно паркирани возила и возила кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот, хаварисани возила и приколки и нивно чување.
Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува по добиена согласност од Советот на Општина Крива Паланка.

Крива Паланка, _________2023 година

Претседател на УО
Димитар Петровски

--------------------------------